

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 02/15

Излегува по потреба- 11.02-2015 година. Среда-Бр. 2, година XIX
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за проширување и измена на распоредот на средства на буџетот на општина Новаци за 2015 година

1.Ја Објавувам Одлука за проширување и измена на распоредот на средства на буџетот на општина Новаци за 2015 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.02.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-148/1
10.02.2015год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008)Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 06.02.2015 година ја донесе следната следната:

О Д Л У К А

За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Опстина Новаци

За 2015 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **Опстина Новаци**

За **2015** година на следниот начин :

Потпрограма и назив на потпрограмата Потставка и опис на потставката	Самофинан.	Дотации	Донации	Кредити
Се зголемуваат приходите на следните потставки :				
A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА				
742114 Приходи од Европската унија	0	0	2.500.000	0
	0	0	2.500.000	0
G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ				
485230 Компјутерстки софтвер	0	0	1.500.000	0
426210 Расходи за репрезентација		0	1.000.000	0
	0	0	2.500.000	0

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **Опстина Новаци** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

БР. 14-128/4

Совет на општина Новаци

Претседател

Пецо Мицевски

smetka	programa	konto	iznos
785	00	742114	2.500.000,00
785	G1	485230	1.500.000,00
785	G1	426210	1.000.000,00

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација

1.Ја Објавувам Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.02.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

.08-148/2 ОпштинаНоваци
10.02.2015год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести(„Службен весник на РМ бр.66/04„), а во согласност со член 36 , став 1, точка 15 и член 62 став 1 точка1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (Сл.гласник на Општина Новаци бр.5/2002) Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на ден 06-02 -2015 година донесе

ОДЛУКА
за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација, како посебни мерки за заштита на населението од заразни болести

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2015 година

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-128/5 Совет на општина Новаци
06.02. 2015 год. Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување за користење
на средства при елементарни непогоди-поплава

1.Ја Објавувам Одлука за одобрување за користење на средства при елементарни непогоди-поплава, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.02.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

.08-148/3 ОпштинаНоваци
10.02.2015год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06-02-2015 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за одобрување за користење на средства при елементарни непогоди-поплава

Член 1

СЕ ОДОБРУВА користење на средства при елементарни непогоди-поплава:

-ангажирање на градежна механизација

-набавка, транспортирање и поставување на градежен материјал-тампон

-изградба на дел од регионалниот пат Битола-Новаци-РЕК(преминот)

-згрижување на настраданото население

-набавка на гориво

-ангажирање на пумпи за одводнување

-сместување и исхрана на лицата кои помагаат, а се од други градови

-набавка на основни прехрамбени производи, безалхохолни пијалоци и основни средства за хигиена

и други работи кои се потребни при елементарни непогоди

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2015 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци,

Бр.14-128/6 Совет на општина Новаци
06.02. 2015 год. Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12. 2014 година од Централната пописна комисија

1.Објавувам Заклучок за усвојување на Извештајот за извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12. 2014 година од Централната пописна комисија, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.02.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

.08-148/4
10.02.2015год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06-02-2015 година го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12. 2014 година од Централната пописна комисија

1.Се усвојува Извештајот за извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12.2014 година од Централната пописна комисија (бр.05-132/1 и бр.05-132/2 од 04.02.2015 година).

2.Овој Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-128/7
06.02. 2015 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за донирање на средства од членовите на Советот и градоначалникот на општина Новаци за санирање на последиците од поплавите

1.Објавувам Одлука за донирање на средства од членовите на Советот и градоначалникот на општина Новаци за санирање на последиците од поплавите, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.02.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

.08-148/5
10.02.2015год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06-02-2015 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за донирање на средства од членовите на Советот и градоначалникот на општина Новаци за санирање на последиците од поплавите

Член 1

Градоначалникот на Општина Новаци ќе донира средства во износ од 20.000,00 денари, за санирање на последиците од поплавите.

Членовите на Советот на општина Новаци ќе донираат средства во износ на едномесечен надоместок.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци,

Бр.14-128/8
06.02. 2015 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за проширување и измена на распоредот на средства на буџетот на општина Новаци за 2015 година 1

2. Заклучок за објавување Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација 2

3.Заклучок за објавување Одлука за одобрување за користење на средства при елементарни непогоди-поплава 3

4.Заклучок за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12. 2014 година од Централната пописна комисија 4

5.Заклучок за објавување Одлука за донирање на средства од членовите на Советот и градоначалникот на општина Новаци за санирање на последиците од поплавите 5

Издавач:
Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци